**Проф. д-р Маја Геровска Митев**
*Институт за социјална работа и социјална политика*

316.344.23:316.614(497.7)(062)(049.3)

# Меѓународна конференција: Европски и национални практики во соочувањето со сиромаштијата и социјалната исклученост

Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет во Скопје, заедно со Фондацијата „Фридрих Еберт", на 19 ноември 2010 година, организираа Меѓународна конференција на тема: Европски и национални практики во соочувањето со сиромаштијата и социјалната исклученост.

Европската Унија ја прогласи 2010 година како година за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост. Во тој контекст, овој настан имаше за цел да ги афирмира европските политики и практики во доменот на сиромаштијата и социјалната исклученост, но и да ги согледа македонските искуства, состојби и предизвици во доменот на сиромаштијата и социјалната исклученост.

На овој настан, поздравно обраќање имаа: продеканот за Меѓународна соработка при Филозофскиот факултет - проф. д-р Лена Дамовска, проектниот директор и претставник на Фондацијата „Фридирих Еберт" - д-р Хајнц Бонгарц, министерот за труд и социјална политика - г. Џељаљ Бајрами, државниот секретар во Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор - Илхам Исмани и специјалниот претставник на Европската Унија и шеф на Делегацијата на ЕУ во Македонија - Н.Е. Ерван Фуере.

За европските искуства, на Конференцијата свое излагање имаа истакнати европски стручњаци и професори. Пленарната сесија ја отвори Волтер Волф, политички советник при Директоратот за вработување, социјални прашања и еднакви можности во Европската Комисија. Господинот Волф говореше за економските, социјалните и политиките за вработување во новата ЕУ 2020 Стратегија. Неговото излагање особено се осврна на приоритетот на постигнување инклузивен раст во Унијата, преку истакнување на петте насловни цели, како и десетте интегрирани препораки за економските и политиките за вработување. Во продолжение, д-р Џонатан Бредшо, професор на Универзитетот во Јорк, Велика Британија, се осврна на мерењето на екстремна сиромаштија во Европската Унија. Заради споредба, професорот Бредшо на крајот од излагањето даде приказ на компаративни

податоци во однос на социјалната заштита за земјите од Централна и Источна Европа, во кои предмет на анализа се и состојбите во Македонија. За искуствата од ЏИМ процесот, како и за европеизација на социјалната политика во Хрватска, говореше д-р Пол Стабс, од Економскиот институт во Загреб. Излагањето на д-р Стабс посочи на предизвиците за социјалната политика кои произлегуваат од ЏИМ процесот и можни лекции од таквото искуство за Македонија.

За афирмацијата на македонските пристапи во соочувањето со сиромаштијата и социјалната исклученост говореа поголем број на професори, но и активисти од граѓанскиот сектор. Нивните излагања беа сместени во три паралелни сесии, фокусирани на следните теми: а) ефективноста на јавните и невладините услуги во соочувањето со сиромаштијата; б) етничките заедници и социјалната исклученост и в) родова, старосна и просторна димензија на социјалната исклученост.

На Конференцијата присуствуваа околу 80 учесници, меѓу кои претставници на: Министерството за труд и социјална политика, Заводот за социјални дејности, меѓународни организации, како: УНДП, УНИЦЕФ, Европската Комисија, невладини организации, Институтот Лудвиг Болцман, МЦМС, Институтот отворено општество, Порака, Сојузот на синдикатите на Македонија, Црвениот Крст и многу други. Конференцијата беше позитивно оценета како од страна на странските излагачи и гости, така и од домашните учесници.

Паралелно со афирмацијата на Европската година за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост, овој настан беше дел и од организациските и промотивните активности на Филозофскиот факултет во Скопје за одбележување на 90-годишнината од своето постоење.